УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

UDC 81
UDC 82
UDC 008

ISSN: 2545-3998
DOI: 10.46763/palim

# ПАЛИМПСЕСТ

МЕЃУНАРОДНО СПИСАНИЕ ЗА ЛИНГВИСТИЧКИ, КНИЖЕВНИ И КУЛТУРОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

# PALIMPSEST

INTERNATIONAL JOURNAL FOR LINGUISTIC, LITERARY AND CULTURAL RESEARCH

PALMK, VOL 7, NO 13, STIP, 2022

ГОД. VII, БР. 13
ШТИП, 2022

VOL. VII, NO 13
STIP, 2022

# П А Л И М П С Е С Т

**Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања**

# P A L I M P S E S T

**International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research**

**Год. 7, Бр. 13**
**Штип, 2022**

**Vol. 7, No 13**
**Stip, 2022**

**PALMK, VOL 7, NO 13, STIP, 2022**
**DOI: https://doi.org/10.46763/PALIM22713**

**ПАЛИМПСЕСТ**
Меѓународно списание за лингвистички, книжевни
и културолошки истражувања

**ИЗДАВА**
Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет, Штип

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
Ранко Младеноски

**УРЕДУВАЧКИ ОДБОР**
Виктор Фридман, Универзитет во Чикаго, САД
Толе Белчев, Универзитет „Гоце Делчев“, С. Македонија
Нина Даскаловска, Универзитет „Гоце Делчев“, С. Македонија
Ала Шешкен, Универзитет Ломоносов, Руска Федерација
Олга Панкина, НВО Македонски културен центар, Руска Федерација
Георгета Раца, Универзитет Банат, Романија
Астрид Симоне Грослер, Универзитет Банат, Романија
Горан Калоѓера, Универзитет во Риека, Хрватска
Дејан Дуриќ, Универзитет во Риека, Хрватска
Шандор Чегледи, Универзитет во Панонија, Унгарија
Ева Бус, Универзитет во Панонија, Унгарија
Хусејин Озбај, Универзитет Гази, Република Турција
Зеки Ѓурел, Универзитет Гази, Република Турција
Елена Дараданова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија
Ина Христова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија
Џозеф Пониах, Национален институт за технологија, Индија
Сатхарај Венкатесан, Национален институт за технологија, Индија
Петар Пенда, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина
Данило Капасо, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина
Мета Лах, Универзитет во Љубљана, Република Словенија
Намита Субиото, Универзитет во Љубљана, Република Словенија
Ана Пеличер-Санчез, Универзитет во Нотингам, Велика Британија
Мајкл Грини, Универзитет во Нотингам, Велика Британија
Татјана Ѓурин, Универзитет во Нови Сад, Република Србија
Диана Поповиќ, Универзитет во Нови Сад, Република Србија
Жан Пол Мејер, Универзитет во Стразбур, Република Франција
Жан Марк Веркруз, Универзитет во Артуа, Република Франција
Регула Бусин, Швајцарија
Натале Фиорето, Универзитет во Перуџа, Италија
Оливер Хербст, Универзитет во Вурцбург, Германија

**PALIMPSEST**
International Journal for Linguistic, Literary
and Cultural Research

**PUBLISHED BY**
Goce Delchev University, Faculty of Philology, Stip

**EDITOR-IN-CHIEF**
Ranko Mladenoski

**EDITORIAL BOARD**
Victor Friedman, University of Chicago, USA
Tole Belcev, Goce Delchev University, N. Macedonia
Nina Daskalovska, Goce Delchev University, N. Macedonia
Alla Sheshken, Lomonosov Moskow State University, Russian Federation
Olga Pankina, NGO Macedonian Cultural Centre, Russian Federation
Georgeta Rata, Banat University, Romania
Astrid Simone Grosler, Banat University, Romania
Goran Kalogjera, University of Rijeka, Croatia
Dejan Duric, University of Rijeka, Croatia
Sándor Czegledi, University of Pannonia, Hungary
Éva Bús, University of Pannonia, Hungary
Husejin Ozbaj, GAZİ University, Republic of Turkey
Zeki Gurel, GAZİ University, Republic of Turkey
Elena Daradanova, Sofia University “St. Kliment Ohridski”, Republic of Bulgaria
Ina Hristova, Sofia University “St. Kliment Ohridski”, Republic of Bulgaria
Joseph Ponniah, National Institute of Technology, India
Sathyaraj Venkatesan, National Institute of Technology, India
Petar Penda, University of Banja Luka, Bosnia and Herzegovina
Danilo Capasso, University of Banja Luka, Bosnia and Herzegovina
Meta Lah, University of Ljubljana, Republic of Slovenia
Namita Subiotto, University of Ljubljana, Republic of Slovenia
Ana Pellicer Sanchez, The University of Nottingham, United Kingdom
Michael Greaney, Lancaster University, United Kingdom
Tatjana Durin, University of Novi Sad, Republic of Serbia
Diana Popovic, University of Novi Sad, Republic of Serbia
Jean-Paul Meyer, University of Strasbourg, French Republic
Jean-Marc Vercruysse, Artois University, French Republic
Regula Busin, Switzerland
Natale Fioretto, University of Perugia, Italy
Oliver Herbst, University of Wurzburg, Germany

**РЕДАКЦИСКИ СОВЕТ**
Драгана Кузмановска
Толе Белчев
Нина Даскаловска
Билјана Ивановска
Светлана Јакимовска
Марија Леонтиќ
Јована Караникиќ Јосимовска

**ЈАЗИЧНО УРЕДУВАЊЕ**
Ранко Младеноски (македонски јазик)
Весна Продановска (англиски јазик)
Толе Белчев (руски јазик)
Билјана Ивановска (германски јазик)
Марија Леонтиќ (турски јазик)
Светлана Јакимовска (француски јазик)
Јована Караникиќ Јосимовска (италијански јазик)

**ТЕХНИЧКИ УРЕДНИК**
Кире Зафиров

**АДРЕСА**
ПАЛИМПСЕСТ
РЕДАКЦИСКИ СОВЕТ
Филолошки факултет
ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
п. фах 201
МК-2000 Штип

http://js.ugd.edu.mk/index/PAL

Меѓународното научно списание „Палимпсест“ излегува двапати годишно во печатена и во електронска форма на посебна веб-страница на веб-порталот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип: http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL

Трудовите во списанието се објавуваат на следните јазици: македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, француски јазик, руски јазик, турски јазик и италијански јазик.

Трудовите се рецензираат.

**EDITORIAL COUNCIL**
Dragana Kuzmanovska
Tole Belcev
Nina Daskalovska
Biljana Ivanovska
Svetlana Jakimovska
Marija Leontik
Jovana Karanikik Josimovska

**LANGUAGE EDITORS**
Ranko Mladenoski (Macedonian language)
Vesna Prodanovska (English language)
Tole Belcev (Russian language)
Biljana Ivanovska (German language)
Marija Leontik (Turkish language)
Svetlana Jakimovska (French language)
Jovana Karanikik Josimovska (Italian language)

**TECHNICAL EDITOR**
Kire Zafirov

**ADDRESS**
PALIMPSEST
EDITORIAL COUNCIL
Faculty of Philology
Krste Misirkov 10-A
P.O. Box 201
MK-2000, Stip

http://js.ugd.edu.mk/index/PAL

The International Scientific Journal "Palimpsest" is issued twice a year in printed form and online at the following website of the web portal of Goce Delcev University in Stip: http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL

Papers can be submitted and published in the following languages: Macedonian, English, German, French, Russian, Turkish and Italian language.

All papers are peer-reviewed.

**СОДРЖИНА / TABLE OF CONTENTS**

12 **ПРЕДГОВОР**
Јована Караникиќ Јосимовска, уредник на „Палимпсест“
**FOREWORD**
Jovana Karanikik Josimovska, editor of “Palimpsest”

**ЈАЗИК / LANGUAGE**

17 **Gyde Hansen**
ÜBERSETZEN FÜR DIE DRESDNER FRAUENKIRCHE
**Gyde Hansen**
TRANSLATING FOR THE FRAUENKIRCHE DRESDEN

25 **Violeta Janusheva**
LINGUISTIC ANALYSIS OF CORONA AND COVID-19 RELATED WORDS IN THE MACEDONIAN STANDARD LANGUAGE

41 **Vesna Prodanovska-Poposka, Silvana Neshkovska, Elena Kitanovska-Ristoska**
ENGLISH FOR SPECIFIC PURPOSES: A STUDY ON ENGLISH SPELLING PROFICIENCY OF UNDERGRADUATE STUDENTS – LEARNERS OF ENGLISH FOR BIOTECHNOLOGY

53 **Doris Sava**
ÜBERLEGUNGEN ZUR EINBINDUNG DES VORGEPRÄGTEN SPRACHGEBRAUCHS IN DIE RUMÄNISCHE BILINGUALE LEXIKOGRAFISCHE PRAXIS MIT DEUTSCH
**Doris Sava**
CONSIDERATIONS ON THE INTEGRATION OF CONVENTIONALIZED LANGUAGE USE IN ROMANIAN BILINGUAL LEXICOGRAPHICAL PRACTICE WITH GERMAN

63 **Ilir Krusha, Izer Maksuti**
DER AUFFORDERUNGSSATZ, SEINE SYNTAKTISCHEN UND SEMANTISCHEN DIFFERENZIERUNGEN IM DEUTSCHEN UND ALBANISCHEN
**Ilir Krusha, Izer Maksuti**
THE IMPERATIVE SENTENCE: SYNTACTIC AND SEMANTIC DIFFERENCES IN GERMAN AND ALBANIAN

75 **Анета Стојковска**
СИНТАКСИЧКО СОГЛАСУВАЊЕ ПО БРОЈ ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК
**Aneta Stojkovska**
SYNTACTIC NUMBER AGREEMENT IN MACEDONIAN AND ENGLISH

85 **Mariya Leontik**
MAKEDONYA’DA OSMANLICA BELGELERİN İLK ÇEVİRMENLERİ VE OSMANLI DÖNEMİNİ ARAŞTIRAN İLK UZMANLAR
**Marija Leontik**
THE FIRST TRANSLATORS OF OTTOMAN-TURKISH DOCUMENTS AND THE FIRST RESEARCHERS OF OTTOMAN PERIOD IN MACEDONIA

105 **Марија Гркова-Беадер**
ПРАВОПИСНИТЕ ОТСТАПКИ КАЈ СТУДЕНТИТЕ ОД ПРВА ГОДИНА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ШТИП
**Marija Grkova-Beader**
ORTOGRAPHIC ERRORS MADE BY THE FIRST YEAR STUDENTS AT THE UNIVERSITY IN SHTIP

**КНИЖЕВНОСТ / LITERATURE**

119 **Намита Субиото**
ТВОРЕШТВОТО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ НА СЛОВЕНЕЧКИ
**Namita Subiotto**
TRANSLATIONS OF THE WORKS OF BLAZHE KONESKI INTO SLOVENIAN

131 **Luisa Emanuele**
«AMO LE CONTAMINAZIONI. SENZA MESCOLANZE NON ESISTEREBBE ALCUNA FORMA DI VITA». LAILA WADIA E LA LINGUA METICCIA
**Luisa Emanuele**
«I LOVE CONTAMINATION. WITHOUT MIXTURES NEITHER THERE WOULD BE ANY FORM OF LIFE». LAILA WADIA AND THE INTERBREED LANGUAGE

143 **Giacomo Di Muccio**
MASCHILITÀ FRAMMENTATE. IL CASO DI TI HO SPOSATO PER ALLEGRIA DI NATALIA GINZBURG
**Giacomo Di Muccio**
SHATTERED MASCULINITY. THE CASE OF NATALIA GINZBURG’S TI HO SPOSATO PER ALLEGRIA

153 **Марија Ѓорѓиева-Димова**
„КНИГАТА-КАКО-СВЕТ“: РОМАНЕСКНИТЕ ОНТОСТРАТЕГИИ НА МИТКО МАЏУНКОВ
**Marija Gjorgjieva Dimova**
“THE BOOK AS A WORLD”: MITKO MADZUNKOV’S LITERARY ONTOSTRATEGIES

167 **Славчо Ковилоски**
НЕПОЗНАТА ПЕСНА И ЕСЕИ ВО РАКОПИС НА АНАСТАСИЈА МИЛОШОВА ОД 1895 И 1896 ГОДИНА
**Slavcho Koviloski**
UNKNOWN POEM AND ESSAYS IN MANUSCRIPT BY ANASTASIJA MILOSHOVA FROM 1895 AND 1896

175 **Filiz Mehmetoğlu**
MAKEDON ATASÖZLERİ VE BİLMECELERİNDE İSTANBUL ALGISI
**Filiz Mehmetoğlu**
THE PERCEPTION OF ISTANBUL IN MACEDONIAN PROVERBS AND RIDDLES

**КУЛТУРА / CULTURE**

187 **Luciana Guido Shrempf**
UN BREVE VIAGGIO. ALLA SCOPERTA DEI FILM DANTESCHI: DAI PRIMORDI DELLA SETTIMA ARTE AD OGGI
**Luciana Guido Shrempf**
A SHORT JOURNEY ON DISCOVERING DANTE IN MOVIES: FROM THE BEGINNING OF THE SEVENTH ART TO TODAY

203 **Sunčana Tuksar, Saša Vojković**
MUSIC, FASHION AND THEATRE AS TRANSMEDIA DRAMATURGY IN WOODY ALLEN’S FILM BLUE JASMINE

215 **Petar Namicev, Ekaterina Namiceva Todorovska**
SIGNIFICANCE OF THE BAZAAR FOR PRESERVATION OF THE TRADITIONAL URBAN FORM IN MACEDONIA – STUDY CASE OF SKOPJE’S OLD BAZAAR

229 **Маја Манчевска**
РОДОВАТА ДИМЕНЗИЈА НА ПОЛИТИЧКИОТ АНГАЖМАН ВО МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО
**Maja Mancevska**
THE GENDER DIMENSION OF THE POLITICAL ENGAGEMENT IN MACEDONIAN SOCIETY

243 **Alirami İbraimi**
KÜLTÜR MERKEZİ KONUMUNDAKİ MANASTIR ŞEHRİ VE ÖZELLİKLERİ
**Alirami İbraimi**
THE CITY OF MANASTIR AS A CULTURAL CENTER AND ITS FEATURES

**МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА / TEACHING METHODOLOGY**

255 **Luandra Murati, Gëzim Xhaferri, Biljana Ivanovska**
ANWENDUNG UND FUNKTION VON SPIELEN IM DaF-UNTERRICHT AN KOSOVARISCHEN GRUNDSCHULEN
**Luandra Murati, Gëzim Xhaferri, Biljana Ivanovska**
APPLICATION AND FUNCTION OF GAMES IN GERMAN AS A FOREIGN LANGUAGE AT ELEMENTARY SCHOOLS IN KOSOVO

269 **Andreja Retelj**
EINSTELLUNGEN VON SLOWENISCHEN DAF-LEHRENDEN ZUR MEHRSPRACHIGKEIT
**Andreja Retelj**
BELIEFS OF SLOVENIAN TEACHERS OF GERMAN AS A FOREIGN LANGUAGE ABOUT MULTILINGUALISM

283 **Adrijana Hadji-Nikolova, Nina Daskalovska, Natka Jankova-Alagjozovska**
DISTANCE LEARNING – DEVELOPMENT, TYPES AND TOOLS

297 **Şükriye Duygu Çağma**
YABANCILARA TÜRKÇE ÖĞRETİMİNDE KULLANILABİLECEK İNTERNET SİTESİ KAYNAKLARI
**Şükriye Duygu Çağma**
WEBSITE RESOURCES TO BE USED IN TEACHING TURKISH TO FOREIGNERS

**ПРИКАЗИ / BOOK REVIEWS**

305 **Лилјана Макаријоска**
СТУДИИ ЗА ВТОРИОТ БЕРАМСКИ БРЕВИЈАР – ЗНАЧАЕН ПРИЛОГ ЗА ПРОУЧУВАЊЕТО НА ХРВАТСКОГЛАГОЛСКАТА ПИСМЕНОСТ
**Liljana Makarijoska**
STUDIES ON THE SECOND BERAM BREVIARY – A SIGNIFICANT CONTRIBUTION TO THE STUDY OF CROATIAN GLAGOLITIC LITERACY

313 **Ранко Младеноски**
ПРИВАТНИ ЗАПИСИ НА ЖИВКО ЧИНГО
**Ranko Mladenoski**
PRIVATE RECORDS OF ZHIVKO CHINGO

**ДОДАТОК / APPENDIX**

323 ПОВИК ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ТРУДОВИ
ВО МЕЃУНАРОДНОТО НАУЧНО СПИСАНИЕ „ПАЛИМПСЕСТ“

325 CALL FOR PAPERS
FOR THE INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL “PALIMPSEST”

UDC 305-055.2:32(497.7)
DOI: https://doi.org/10.46763/PALIM22713229m

Оригинален научен труд
Original research paper

# РОДОВАТА ДИМЕНЗИЈА НА ПОЛИТИЧКИОТ АНГАЖМАН ВО МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО

**Маја Манчевска**
Европско движење, Скопје
majamancevska@yahoo.com

**Апстракт:** Овој труд ја истражува родовата димензија на македонската политичка сцена со цел да се добијат теоретски сознанија за улогата и влијанието на родовиот баланс во раководните политички структури врз квалитетот на одлуките важни за секој поединец во општеството, посредно или непосредно. При анализата, меѓу другото, се користеа и статистички податоци од архивите на државни и други релевантни институции. Резултатите покажаа дека жените и понатаму се помалку застапен пол во политиката, особено во повисоките кругови, каде што има и повисока концентрација на моќ и каде што се одвиваат најважните процеси на одлучување во државата. Најголем ефект во напорите за постигнување родов баланс даде воведувањето квоти и тие треба да се најдат на владината агенда како корисна алатка за постигнување родов паритет. Квотниот систем, всушност, овозможи висок процент на вклученост на жените во политиката и на местата на одлучување и тоа во Парламентот со 41,67 % пратенички и во локалните совети со 36,45 % советнички. Сепак, родов баланс од 50/50 сè уште не е постигнат, особено не на највисоките функции, каде што нема квоти, како што се претседател, премиер, градоначалници или министри.

**Клучни зборови:** *род, родова рамноправност, квота, политички ангажман.*

## 1. Вовед

Воведувањето на принципот на родова рамноправност на позициите со моќ на одлучување, што континуирано се гради изминатите 30 години откако Македонија стана независна држава, е дел од активностите за постигнување модерно демократско општество, но истовремено и дел од неопходните услови за зацврстување на евроинтегративниот процес како официјална политика на Европската Унија. Освен тоа, постигнувањето родова рамноправност на македонската политичка сцена влијае позитивно врз вклучувањето на жените во општеството, а со тоа и врз подобрување на квалитетот на животот во целата заедница.

Во Македонија, според последните статистички податоци од Државниот завод за статистика по спроведениот попис на населението во 2021 година,

живеат вкупно 1.836.713 жители од кои 49,6 % се мажи и 50,4 % се жени, што ни дава за право да заклучиме дека постои баланс во однос на половата структура на населението. Тоа значи дека бројот на жени и мажи е приближно еднаков. Оттаму, очигледно, во Македонија жените и мажите се фифти-фифти, но само според бројот, а по сè друго, како пристапот до работно место, платите, менаџерските и другите високи позиции, како и учеството во политиката, мажите се „поеднакви" од еднаквите. Во политиката, каде што се носат големите одлуки, жените ги има уште помалку. Колку повеќе се оди погоре на скалата на функциите, толку повеќе се намалува бројот на жените, особено на местата каде што одговорноста е поголема.

Според дел од истражувањата за политичката култура на граѓаните, во македонското општество доминираат авторитарните вредности. (Симоска, Габер и Бабунски, 2001). Обично во вакви општества се очекува мала политичка партиципација на граѓаните, односно мал број од граѓаните да учествуваат во активности за влијание врз политиката, а притоа особено се очекува тие да се потпираат на политичките водачи, како што тоа се случува(ше) во земјите на постсоцијалистичка Европа. (Чичкариќ, 2009, стр. 343). Влијанието на граѓанските иницијативи врз политичкото одлучување во Македонија сè уште се смета за недоволно, иако овој процес, почнувајќи од 2008 година под влијание на процесот на евроинтеграцијата, институциите го формализираа низ документи и правила на граѓанското општество. (Цекиќ, 2016).

Македонија е, всушност, уште еден пример каде што е потребно повеќе работа, иако нејзиниот систем на квоти е мошне корисен прв чекор. Тоа значи дека и понатаму се присутни значителни разлики меѓу половите низ сите аспекти на општеството. Како земја кандидат за влез во ЕУ, за да помогне да се постигнат стандардите што ги бара ЕУ, најверојатно ќе биде потребно Владата да спроведе уште активности за влез во ЕУ преку сеопфатна програма за родова еднаквост.

Со цел да се промовира учеството на жените во политиката и да се исправи историското исклучување на жените од јавната сфера се воведоа квоти преку кои се обезбедува учество од најмалку 40 проценти на помалку застапениот пол во Парламентот, како и на советничките листи на локално ниво. Дека воведувањето квоти не ги постигна посакуваните резултати, може да се забележи според тоа што квотите едвај се постигнуваат таму каде што се воведени, додека учеството на жените останува на многу ниско ниво, онаму каде што не е контролирано, т.е. каде што не се воведени квоти, што е причина граѓанските организации да продолжат со притисоци на најразлични нивоа и да укажуваат на потребата од поголем ангажман на помалку застапениот пол во македонското општество, а тоа е жената.

За време на политичката криза во 2015 година, кога Македонија се подготвуваше за нови предвремени избори, невладината организација „Реактор", со цел да се осврне на ниската видливост на женското учество

во политичките процеси, излезе со став дека на политичката сцена на Македонија ѝ требаат повеќе жени. Според нив, жените ѝ се потребни на политиката, бидејќи се поотворени во меѓусебната комуникација и надвор од политичката сцена, како и дека се покажале како поодговорни во реализација на потребите на граѓаните. (Башевска, 2015, стр. 7).

Во исто време се појави и иницијативата на македонското женско лоби за промена на изборната регулатива во насока на зголемување на квотите на жените на изборните листи од постојните 30 отсто на 40 отсто. Две македонски партии соопштија дека ја прифаќаат оваа иницијатива и апелираа работните групи, кои работат на измените на Изборниот законик, да ја прифатат иницијативата. Една од овие две партии сметаше дека со зголемувањето на процентот на жените на сите нивоа од политичкиот живот ќе се придонесе кон ослободување на целокупниот потенцијал кој лежи во македонското општество и кон искоренување на родовата нерамноправност во државните институции. Со законското гарантирање на поголемо учество на жените во политиката, Македонија ќе демонстрира поголемо почитување на демократските принципи и принципите на еднаквост, како земја аспирантка за членство во Европската Унија. И покрај видливите резултати, оваа иницијатива не треба да запре, бидејќи реално застапеноста на жените на изборните листи треба да изнесува 50 отсто, со оглед на тоа дека е праведно жените, кои се половина од населението, соодветно на тој процент да бидат застапени и во политичкиот живот. Тоа треба да доведе до искористување на потенцијалот на многу компетентни, високо стручни кадри, а со тоа и до поголем прогрес во сите сфери на општествениот живот.

Жените традиционално се помалку застапени во политиката, и тоа не само во Македонија туку во целиот свет. И покрај многуте напори да се зголеми политичкото учество на жените во локалните и националните власти од осамостојувањето до денес, бројот на жени со одлучувачка моќ сѐ уште не е на задоволително ниво. Луѓето во Македонија не се доволно информирани за значењето на поимот *родова рамноправност*, ниту за значењето на принципите на еднакви можности и недискриминација, како суштински делови од концептот за родов баланс. Не постои доволна сензитивност меѓу луѓето и прифатена е исклучиво бинарната поделба на родот и негово поистоветување со биолошкиот пол.

Свеста за важноста на родовата димензија во политичкиот ангажман во Македонија сигурно би била повисока кога на јавноста би ѝ било познато колку поголемото учество на жените, како помалку застапен пол во политиката, влијае врз носењето одлуки, поставувањето приоритети и спроведувањето политики, како и за тоа дали жените се носители на промени, дали влијаат врз јавните политики и со какви предизвици се соочуваат тие. Дали жените се разликуваат од мажите во политиката и каква улога имаат политичките партии се, исто така, важни прашања за надминување на родовиот дисбаланс на политичката сцена.

И конечно, не смее да се занемари и ангажманот на жените во политиката на евроинтеграциските процеси. Се чини дека ова е силен елемент, бидејќи на повеќето клучни позиции на евроинтеграциските процеси се наоѓаат токму жени. Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, во стратегијата за родова рамноправност за периодот 2020–2025 порачува дека „родовата еднаквост е суштински принцип на Европската Унија, но тоа сѐ уште не е реалност. Во бизнисот, политиката и општеството како целина, можеме да го достигнеме нашиот целосен потенцијал само ако ги искористиме сите наши таленти и различности. Користењето само на половина од населението, половина од идеите или половина од енергијата не е доволно добро“. (European Commission, 2020, стр. 1).

## 2. Политичка партиципација на жените во Македонија

Од осамостојувањето на Македонија до денес речиси на прсти може да се избројат министерките. Во првиот владин кабинет во Република Македонија во 1991 година немаше ниту една жена на министерска позиција, додека во следната Влада во 1992 година имаше две министерки – едната за развој, а другата без ресор. Во наредната Влада од 1994 година, предводена од истиот премиер, бројот на министерки се зголеми за уште една, така што трите нови министерки ги предводеа вицепремиерското место и двата ресори за наука и образование. Најмногу жени во македонската Влада до сега (5), имаше во 1998 година – две вицепремиерки, две министерки за развој и за наука, како и една за култура, но последната од 2000 година. Во Владата формирана во 2002 година, повторно беа назначени две жени на министерски позиции, и тоа на вицепремиерското место и на чело на Министерството за надворешни работи. Истиот состав се задржа и во Владата од 2004 година. Премиерот на седмата по ред македонска Влада во 2004 година им даде три министерски места на жените во ресорите евроинтеграции, надворешни работи и правда. Во 2006 година, кога се смени власта, новиот премиер на жените им даде само две министерски места – за култура и за внатрешни работи, односно по нејзиното заминување назначена беше жена на ресорот за труд, а во реконструкцијата што следеше во 2008 година жени имаше во ресорите култура и информатика, предводени од техничкиот премиер кој, патем речено, не беше цел на некаква пожестока критика, како што е, да речеме, неговиот партнер во власта од албанскиот блок на партии во Македонија, кој се одлучи да не предложи ниту една жена за министерска функција, за разлика од претходниот состав во кој едно време имаше назначено вицепремиерка за европски прашања.

Во владите што следеа формирани на предвремените парламентарни избори, прво во 2011, а потоа и во 2014 година, имаше по 2 жени министерки од вкупно 20 министерски места (внатрешни работи и култура). И во следниот парламентарен состав од 2016 година, кој патем речено повторно беше формиран на предвремени избори, имаше исто така само 2

министерки. До тогаш Македонија имала 17 министерки и 187 министри. Бројот на министерки во Македонија порасна за уште 8 и тоа со последните парламентарни, исто така, предвремени избори во 2020 година, кога Владата што тогаш беше формирана доби нови 4 жени министри, исто како и актуелната влада формирана по оставката на претходниот премиер, која во 20 министерски кабинети има само 4 жени министерки.

Значи, најмногу жени (5) имаше во владата во 1998 година. Во сите други бројката е помала, односно изнесува максимум две, три или четири жени.

Во сите досегашни македонски влади, почнувајќи од првата експертска Влада со ниту една жена, преку неколкуте технички влади, па сè до актуелната влада со 4 министерки, во кои продефилираа незначителен број дами за разлика од бројот на нивните колеги, само дел од нив беа министерки на клучните сектори, па и вицепремиерки во неколку владини состави. Повеќето оставија силен печат на периодот во кој беа активни, а дел од нив повеќе не се занимаваат со оваа професија.

Нерамноправниот третман на жените на раководни позиции се нотира и во извештајот на Европската комисија од ноември 2015 година. Во делот на почитување на основните човекови права се забележува дека од 123 членови во тогашниот состав на Собранието, само 42 биле жени, иако тој број сега е зголемен на 50, благодарение на воведениот систем на квоти, кој пак, од друга страна, е исто така своевидна форма на позитивна, ама сепак, дискриминација. Не е подобра ниту застапеноста на бројот на жени на локално ниво, каде во моментов од 81 градоначалник само две се жени, како и околу една третина од општинските советници. Во годишните извештаи на ЕК постојано се бара поголема видливост на механизмите за промовирање на родовиот баланс.

Според бројот на жени што седат на министерски фотељи, Македонија е меѓу последните во регионот, но со застапеноста на припадничките на понежниот пол во Собранието, со над 40 отсто, благодарение на квотите, сме речиси најдобри во регионот и меѓу најдобрите во Европа. Имено, во моментов жените се застапени со 41,67 % во Собранието, и заземаат 50 од вкупно 120 места, но на локално ниво во советите на општините тој процент сè уште не е достигнат, а градоначалнички има само 2.

Од 192 држави опфатени во глобалните податоци за националните собранија што ги изготвува Интерпарламентарната унија на својот сајт „Парлајн“ (Parline), според последната ажурирана состојба во мај 2022 година, Македонија се наоѓа на 23 место во светот според родовиот баланс на пратениците во Парламентот со вкупно 41,67 % пратенички од вкупниот број парламентарци. На оваа листа прва е Руанда со 61,3 %, а последна земја е Кувајт со 1,6 %. Македонија се наоѓа веднаш зад Белгија со 42 %, но пред Австрија со 41,5 % жени во нивните национални парламенти.

Во тој поглед Македонија убеливо предничи во споредба со земјите во регионот, меѓу кои Словенија, која е на 30 место, Албанија на 40-то, Хрватска на 55-то, Црна Гора на 79-то, БиХ на 85-то, Бугарија на 101-во, Грција на 108-мо, како и Србија на претпоследното 191-во место. Интересно е да се напомене дека само три земји во светот ја имаат надминато границата од 50 процентна застапеност на жени во националните парламенти – Руанда, Куба и Никарагва, додека во две земји тој процент е точно 50 – Мексико и Обединетите Арапски Емирати. Треба да се знае дека податоците на Интерпарламентарната унија се собрани врз основа на информациите обезбедени од националните парламенти и се ажурираат на месечно ниво.

Високиот степен за родов баланс во македонскиот Парламент се должи, пред сѐ, на квотниот систем, по чие воведување може да се забележи наглиот скок на бројот на пратенички во Собранието, така што разликата на нивниот број од 4 жени на почетокот на неговото конституирање на 50 во актуелниот собраниски состав станува драстична.

Имено, во првиот и вториот собраниски состав, 1991–1994 и 1994–1998, од 120 пратеници само 4 беа жени (3 %). Во наредниот мандат, 1998–2002, бројот на жени порасна на 7 (6 %), па потоа од 2002–2006 на 23 (20 %), а во составот од 2006–2008, кога беше воведен квота-системот, бројот на жени пратенички значително порасна на 36 (30 %). Оттогаш, бројот на пратенички, во согласност со законската регулатива, никогаш не паднал под 30 проценти, па така за време на пратеничките мандати 2008–2011, 2011–2014 и 2014–2016 имаше по 42 жени членки на Парламентот, односно 35 % за мандатот 2008–2011, а 34 % за мандатите 2011–2014 и 2014–2016, со оглед на фактот што вкупниот број на пратеници од 120 се зголеми на 123, вклучувајќи ги тројцата пратеници од дијаспората.

Во наредниот мандат, 2016–2020, бројот на жени падна за еден, што значи во тој собраниски состав имаше 41 жена, но процентот остана ист (34 %) со оглед на тоа што вкупниот број на пратеници во Собранието повторно се врати на 120 члена.

Задолжителното зголемување на квотата од 30 на 40 проценти од кандидатите да бидат од редовите на помалку застапениот пол, придонесе актуелниот парламентарен состав, 2020–2024, да брои 50 жени, односно 41,67 % што, всушност, ја лансираше Македонија многу погоре на листата на глобалните податоци за националните собранија што ги изготвува Интерпарламентарната унија.

**Табела 1**

| Пратенички состав на Македонија според родова застапеност (1991-2022) | | | |
|---|---|---|---|
| мандат | пол | број на пратеници | процент |
| 1991 - 1994 | мажи | 116 | 97 % |
| | жени | 4 | **3 %** |
| 1994 - 1998 | мажи | 116 | 97 % |
| | жени | 4 | **3 %** |
| 1998 - 2002 | мажи | 113 | 94 % |
| | жени | 7 | 6 % |
| 2002 - 2006 | мажи | 97 | 80 % |
| | жени | 23 | **20 %** |
| 2006 - 2008 | мажи | 84 | 70 % |
| | жени | 36 | **30 %** |
| 2008 - 2011 | мажи | 78 | 65 % |
| | жени | 42 | **35 %** |
| 2011 - 2014 | мажи | 81 | 66 % |
| | жени | 42 | **34 %** |
| 2014 - 2016 | мажи | 81 | 66 % |
| | жени | 41 | **34 %** |
| 2016 - 2020 | мажи | 79 | 66 % |
| | жени | 41 | **34 %** |
| 2020 - 2024 | мажи | 69 | 58.33 % |
| | жени | 5 | **41.67 %** |

Извор: Собрание на Македонија

И локалната власт сè повеќе се фокусира на застапеноста на жените на локално ниво и преку процесите на децентрализација локалната власт сè повеќе се отвора за учество на жените, како во локалните совети, така и во администрацијата. Сепак, неповолна ситуација за жените се препознава и на локално ниво. Иако има позитивен тренд во последните неколку изборни циклуси на ниво на локалните општински совети, постигнувањето на родовиот баланс и натаму е незадоволителен. На локално ниво уште треба да се работи за да се исполни сегашниот законски пропишан минимален праг од 40 проценти. Постојат општини, главно рурални, со по една жена во локалниот совет.

Генералната анализа на родовата застапеност во советите на општините и на Град Скопје на последните локални избори во 2021 година покажува дека се избрани вкупно 1.347 членови на советите. Од нив, 856, односно 63,55 % се мажи, а 491, односно 36,45 % се жени. Оваа статистика укажува дека родовата квота од најмалку 40 % од кандидат(к)ите на изборните листи за општинските совети, односно Советот на Град Скопје, да бидат лица од помалку застапениот пол, не е исполнета, иако во одредена мера го подобри родовиот баланс во политичкото учество, наспроти квотата од 30 % која беше предвидена со претходното законодавство. И покрај ова, мора да се укаже дека од 80 општински совети и еден градски совет, само во една општина жените советнички се процентуално повеќе застапени од мажите советници, и тоа во советот на општина Конче каде што се избрани пет жени, наспроти

четворица мажи, или 55,56 % се жени советнички, наспроти 44,44 % мажи советници.

Според Извештајот за спроведените локални избори во 2021 година (стр. 103), во два општински совети е избрана само по една жена, и тоа во Советот на Општина Центар Жупа каде што има 10 мажи советници, или 90,90 %, наспроти една жена советничка, или 9,10 %, и во Советот на Општина Пласница каде се избрани осум мажи советници, или 88,89 %, наспроти една жена советничка, или 11,11 %.

**Табела 2**

| **Број на жени застапени во единиците на локалната самоуправа во Македонија (1996-2022)** | | |
|---|---|---|
| изборна година | градоначалнички | советнички |
| 1996 | **0** (0 %) | **105** (6 %) |
| 2000 | **3** (2 %) | **161** (8 %) |
| 2005 | **3** (4 %) | **315** (23 %) |
| 2009 | **0** (0 %) | **369** (27,7 %) |
| 2013 | **4** (4,9 %) | **405** (30 %) |
| 2017 | **5** (6,25 %) | **438** (32,4 %) |
| 2021 | **2** (2,5 %) | **491** (36,45 %) |

Извор: Државна изборна комисија

За разлика од родовата состојба во општинските совети, како што може да се види од табела 2, на градоначалничките позиции бројот на жени е речиси занемарлив. На локалните избори во 1996 година од 23 кандидатки за градоначалник, ниту една не е избрана за градоначалник. На локалните избори во 2000 и во 2005 година се избрани по три градоначалнички, додека на локалните избори во 2009 година во општинските фотелји седнаа само мажи, односно не е избрана ниту една градоначалничка. На локалните избори во 2013 година имаше четири градоначалнички кои беа избрани во конкуренција од 339 кандидати, од кои 26 жени. Во 2017 година се избрани 5 жени за градоначалнички, а на последните избори во 2021 година само 2.

Според анализата што ја направи Македонското женско лоби, ова е потврда дека политиката во Македонија сè уште е машка професија и жените тешко се пробиваат, особено на функции што носат политичка, но и економска

моќ, иако повеќе од 100 невладини организации потпишаа декларација за зголемување на застапеноста на жени-градоначалнички. Речиси да нема разлики во македонскиот и во албанскиот политички блок кога станува збор за номинирање жени за градоначалничка функција. Од четирите најголеми партии велат дека не станува збор за дискриминација, туку дека застапеноста на жените во локалната власт е помала, бидејќи не може да се уреди со квоти поради специфичноста на изборот за градоначалник и мнозинскиот модел. Во партиите велат дека приоритет при номинациите е личноста да има углед, квалитет и да биде позната во средината каде што се номинира.

Впечаток е дека жените во партиите најтешко се пробиваат токму за градоначалничката функција, ако се има предвид дека се многу позастапени во Собранието, дека на претседателските избори една партија од албанскиот политички блок во Македонија истрча со жена-кандидат за шеф на државата и дека три политички партии имаа во еден момент и претседателка на партија. На претседателските избори во 2009 година, за прв пат за претседателски кандидат официјално се јави жена и тоа припадничка на албанската етничка заедница од партија од албанскиот политички блок во Македонија. Една позната универзитетска професорка како независна кандидатка за претседател на државата беше единствената жена што се одважи да се кандидира за оваа функција на претседателските избори во 2013 година. Но, фактот што не успеа ниту да ги собере неопходните 10.000 потписи за кандидатурата е најдобар барометар што ја покажа ниската родова свест во Македонија, како и тоа дека граѓаните не се подготвени да поддржат кандидатура на жена за претседател, особено што дури ни женските невладини организации не ѝ дадоа јавна поддршка, иако по природата на нештата тие би требало да се најзаинтересирани да влезе жена во претседателската трка. Така, се случи таа да ја доживее истата судбина на својата претходничка која на претходните претседателски избори во 2009 година, од истата причина, односно поради отсуство на поддршка, беше принудена да се откаже од трката само еден ден пред истекот на рокот за собирање потписи, бидејќи ѝ недостигаа околу 2.000 потписи, т. е. не успеа да го помине претквалификациskiot круг. И едната и другата се соочија со исти технички проблеми околу депонирањето на потписите.

Се поставува прашањето зошто не би се очекувало и мажите со својот потпис да ѝ дадат можност на една жена да се кандидира на изборите за претседател, дотолку повеќе што давањето потпис не значи дека се гласа за неа.

Присуството на женското политичко организирање во согласност со партиските програми и статути не само што го обезбедува политичкото определување на жените туку и ја има задачата за промовирање на учеството на жените во процесите на одлучување и управување на локално ниво, за што е потребен сериозен пристап и во таа насока конкретно преземање активности. Од големо значење е прашањето, колку политичките партии го овозможуваат

учеството на жените во органите и телата на партијата и колку ги почитуваат законските квоти за учество на жените на кандидатските листи. Впрочем, ова треба да го овозможи присуството на жената на политичката сцена, нејзино активно вклучување во процесите на одлучување и управување на локално ниво, а со тоа и унапредување на женскиот активизам на локално ниво.

Како и да е, ваквата состојба на родовата димензија во политичкиот ангажман во Македонија, секако, не се должи на недостаток од законска регулатива за воспоставување родов баланс во политичката партиципација воопшто, вклучувајќи ги и позициите на моќ.

Според Прирачникот за пратениците („Мисија на ОБСЕ во Скопје, Родот е важен!", 2020, стр. 18), во текот на последните децении Македонија има воспоставено силна правна рамка и рамка на политики со цел да се зајакне родовата еднаквост во државата.

Правна рамка постои: Уставот, Законот за политички партии (2004) со кој се гарантира рамноправност и достапност до функциите во партиите, Законот за избор на пратеници (2002), Измена и дополна на Изборниот законик од 2006 година, потоа Законот за локална самоуправа (2004), Законот за еднакви можности на мажите и жените (2006, 2008, 2012, а во тек е и подготовка на нов закон), Национален план, Национална стратегија за родова еднаквост, Стратегија за родово буџетирање, разни механизми (Сектор за еднакви можности во МТСП, Координатор за еднакви можности, Комисија за еднакви можности), меѓународни обврски (CEDAW, факултативен протокол, Универзална декларација за човекови права, стратегии) и конечно, Декларацијата усвоена во Собранието во 1998 година за промоција на родовата еднаквост во процесот на донесување одлуки.

Истовремено, во Прирачникот на ОБСЕ (Прирачник, 2020, стр. 22), се забележува дека родовите квоти имаат помогнато во зголемувањето на родовиот квалитет во Собранието, како и на ниво на локалните совети, но застапеноста на жените во другите јавни институции останува да биде под целта од 40 проценти предвидена во Препораката на Советот на Европа Rec (2003).[1]

Тековниот Закон за еднакви можности од 2012 година, којшто последен пат беше изменет во 2015 година, има за цел „да воспостави еднакви можности за жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и која било друга сфера на социјално живеење". Предлогот за нов Закон за еднакви можности што во моментов е во процедура има за цел да обезбеди дополнително вклучување на свеста за родовата рамноправност и соодветните активности во рамките на најголем дел од органите на државната управа, вклучително Собранието и извршната власт, како на централно, така и на локално ниво.

[1] Препорака CM/Rec (2003) на Комитетот на министри на земјите-членки за балансирано учество на жените и мажите во политичкото и јавното одлучување, усвоена од Комитетот на министри на 12 март 2003 година на 831 Состанок на замениците-министри.

Се поставува прашањето, што е преземено, покрај законската регулатива, за да се смени состојбата. Од сите досегашни мерки, очигледно најефектни резултати покажа воведувањето квоти и големиот број кампањи. „Жените тоа го можат“ е мото на една од бројните кампањи што Министерството за труд и социјална политика ги спроведува во пресрет на изборите, со што се зголеми излезноста при гласањето, а кандидатските листи се збогатија со имиња на жени. Сепак, тоа е далеку од доволно, бидејќи логично е да се смета дека еднаквоста не е постигната кога е добиена по вештачки пат, а освен тоа 40 % не е доволно, бидејќи во Македонија има 50 % жени.

Како што веќе напоменавме, воведувањето квоти дава најдобри резултати. „Родовите квоти се дел од објаснувањето зошто некои земји имаат помали родови јазови во политички контекст од други држави. Можете да бидете повеќе од 90 проценти уверени дека родовиот јаз во политичката сфера е помал во земјите што имаат усвоено квоти“. (Caul Kittilson, Schwindt-Bayer, 2012, стр. 37). Квотата е, всушност, меч со две острици, но е нужна потреба за да се охрабрат жените да влезат и да се активираат во политичките партии. Тие треба да зајакнат и да ги охрабруваат и другите жени да влезат во политиката и на тој начин да се создаде критична маса. Треба да се работи на едукација и сензибилизација на жените, но и на мажите. Исто така, комуникацијата и медиумите се клучни за да се натера јавноста да слушне за ова. Не се доволни само компромис и постепен напредок, зашто наскоро, секако, ќе мора да почнеме да зборуваме за паритет, а не за процент, со оглед на тоа што половина од популацијата не смее да биде исклучена од политичкиот и јавниот живот. Тоа е само еден и доволен аргумент. Потенцијална препрека, на која може да наидат иницијативи од ваков карактер, е недостатокот на политичка волја. Кои било афирмативни мерки значат дека местата на кои во моменов се поставени мажи мора подобро да се распоредат меѓу двата пола, а бидејќи е тешко да се поверува дека некој доброволно ќе се откаже од својата позиција, ова може да се промени само под голем притисок од страна на жените кои успеале да дојдат на висока политичка позиција, силни координативни активности од невладиниот сектор и од меѓународната заедница.

## 3. Заклучок

Како заклучок се наметнува констатацијата дека „традиционално жените се исклучени од главните политички активности и затоа може да биде потребно време женските организации да постигнат ефект“. (Andersson, 2020, стр. 9). И во Македонија родовата нерамноправност може да се препознае во сите сегменти на општествениот живот, особено во доменот на управувањето и одлучувањето во политиката. Исклучок од овој „тренд“ е значителното подобрување во последните неколку циклуси на парламентарните и локалните избори во однос на политичката застапеност на жените. Ова најмногу се должи на промените во изборниот законик, каде

според членот 64, став 5 се предвидува најмалку 40 проценти од кандидатите на кандидатските листи за парламентарните избори (но, исто така, и во советите на општините) да бидат од редовите на помалку застапениот пол што значи дека „на секои три места на листата најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол, со барем уште едно дополнително место на секои десет места". Позитивен тренд се забележува и на национално и на локално ниво во однос на политичката застапеност на жените, но брзината на спроведување на локално ниво за нијанса е побавно. На парламентарно ниво жените се застапени со повеќе од 40 проценти, додека во повеќето општини процентот е помал од 30. Половата структура на пратениците во македонското Собрание од почетокот на неговото конституирање до денес драстично се разликува, благодарение на воведувањето на системот со квоти, така што во првиот состав имаше само 4 жени, а денес 50.

За жал, во руралните средини сè уште постои стереотипното гледање на улогата на жената во општеството, а причините за недоволното учество на жената во јавниот и политичкиот живот, не ретко се сведуваат на незаинтересираност на жените за учество во креирањето на јавните политики на локално ниво, непостоење политичка волја од локалните власти за вклучување на жените во политичкиот и јавниот живот, односно недоволно вреднување на жените кандидатки за вклучување во политичкиот и јавниот живот. За жал, таквата политика и на централно, а особено на локално ниво, е сè уште јасно детерминирана со традиционалните ставови за улогата на половите. Сè уште преовладува мислењето дека местото на жената е во домаќинството и, пред сè, грижата за семејството, а јавните работи во општеството се одговорност на мажот.

Очигледно родов баланс од 50/50 сè уште не е постигнат ниту во институциите со квота, а политичкиот ангажман на помалку застапениот пол, во случајов, жената, е сведен на минимум кога се во прашање највисоките функции кои имаат моќ на носење важни општествени одлуки, како што се претседатели, премиери, градоначалници или министри.

Оваа анализа покажа дека институционалниот продор на македонската жена во доменот на политиката само што започнал и дека на планот на вистинското вклучување на жените во процесите на донесување одлуки претстои долг и тежок пат.

**Библиографија**


1. Башевска, Марија (2015). *Извештај во сенка*. Скопје: Реактор – Истражување во акција.
2. Вуковић, Ана (2006). *Ставови политичарки о женској политичкој партиципацији у Србији*. Београд: Институт друштвених наука.
3. Државен завод за статистика на РСМ (преземено на 16.05.2022 година; https://popis2021.stat.gov.mk/#).
4. Ѓуровска, Милева (2006). *Социологија*. Скопје: Филозофски факултет.

5. Извештај за спроведените избори за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје, Македонија, Државна изборна комисија (декември, 2021).
6. Интерпарламентарна унија, Parline (преземено на 19.05.2022 година; https://data.ipu.org/women-ranking?month=5&year=2022).
7. Родот е важен! Прирачник за пратениците и вработените во Собранието за родова еднаквост и зајакнување на жените (2020). Скопје: Мисија на ОБСЕ.
8. Симовска, Емилија, Габер, Наташа и Бабунски, Климе (2001). *Политичката култура на граѓаните во Република Македонија*. Скопје: Институт за социо-лошки и политичко-правни истражувања.
9. Цекиќ, Анета (2016). *Политичката партиципација на студентите*. Во: *Идентитетите на студентската популација во Република Македонија (истражувачка студија)*. Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.
10. Чичкарић, Лилијана (2009). *Политичка партиципација жена и репрезентација жена у земљама постсоцијалистичке Европе.* Београд: Институт друштвених наука.

*

1. Andersson, Petra (2020). *The Impact of Electoral Systems on Women's Political Representation A quantitative study*. Uppsala: Uppsala University.
2. Blomgren, Emelie (2010). *Women and Political Participation*. Linnaeus University Georgia, The School of Social Sciences.
3. Caul Kittilson, Miki; Schwindt-Bayer, Leslie A. (2012). *The Gendered Effects of Electoral Institutions: Political Engagement and Participation*. Oxford: Oxford University.
4. Stevens, Anne (2007). *Women, Power and Politics*. London: Palgrave Macmillan.
5. Stojanova, Vera; Peter, Emerson (2010). *Party Politics in the Western Balkans*. London: Routledge.
6. Stokes, Wendy (2005). *Women in Contemporary Politics*. Cambridge: Polity Press.
7. *Striving for a Union of Equality: The Gender Equality Strategy 2020-2025* (March 2020). Luxembourg: European Commission (преземено на 20.05.2022 година) https://ec.europa.eu/info/sites/default/files/aid_development_cooperation_fundamental_rights/gender_equality_strategy_factsheet_en.pdf).

**Maja Mancevska**
European Movement, Skopje

**The Gender Dimension of the Political Engagement in Macedonian Society**

**Abstract:** This article explores the gender dimension of the Macedonian political scene, in order to obtain theoretical knowledge about the role and impact of gender balance in governing political structures on the quality of decisions important for everyone in society, directly or indirectly. For this analysis, among others, statistical data was used from the archives of the state and other relevant institutions. The results showed that women remain the underrepresented gender in politics, especially in higher circles, where there is a higher concentration of power and the most important decision-making processes take place. Perhaps one of the most impactful ways to achieve gender balance would be by implementing quotas, and they should be on the government's agenda, as it remains to be an effective measure and useful tool to achieve gender parity. The quota system, in fact, enabled a high percentage of women in politics and decision-making, with 41.67 % in the Parliament and 36.45 % in the local councils. However, a gender balance of 50/50 has not yet been reached, especially not in the highest positions, where there are no quotas, such as presidents, prime ministers, mayors or ministers.

**Keywords:** *gender; gender equality; quota; political engagement*.



ГОД. VII
БР. 13

ПАЛИМПСЕСТ

PALIMPSEST

VOL. VII
NO 13